Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за храна и ветеринарство
Agjencia e ushqimit dhe veterinarisë
Бр.-Nr. 02 – 1730/1
02.07.2020 год.-viti
Скопје-Shkup

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03/10
23.06.2020 год.
СКОПЈЕ

До

ЗЕЛС – Скопје

Извршен директор на ЗЕЛС

Г-ѓа Душица Перишиќ

**Предмет:** Барање за реализација на соработка

Почитувани,

Организација на потрошувачите на Македонија (ОПМ) во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) во рамки на Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година (Програма), реализираше проект предвиден со Програмата и изработи два прирачника наменети за операторите кои приготвуваат храна за градинките и основните училишта, насловени како:

1. **Прирачник за оператори со храна во училишните установи**
2. **Прирачник за оператори со храна во предучилишните установи – градинките**

При изготвување на прирачниците беа земени предвид постоечките прописи за безбедноста на храната, а дополнително се опишани постапките за добрите производни и добрите хигиенски пракси кои треба да ги применуваат операторите за храна во ваков вид на објекти. Како прилози се ставени записи за добрите хигиенски пракси и добрите производни пракси кои треба да ги водат овие оператори со храна.

При изготвување на прирачниците земен е во предвид и Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта, донесен од страна на Министерството за образование. Прирачниците содржат предлог на неделно мени, кое ги задоволува потребите на популационите групи, односно деца во предучилишните установи (градинки) и децата од основните училишта.

**Ви се доставуваат прирачниците со цел преку комуникација со општините да овозможите овие материјали да бидат поставени на веб страниците на општините, односно градинките и основните училишта.**

**Агенција за храна и ветеринарство**

Директор

Зоран Атанасов

**ОПМ**

Претседател

Маријана Лончар Велкова